Stefan Budjakoski, PhD[1]
Natasha Todorovska, PhD[2]

UDC: 316.48
341.31
327.82:316.485.6

# ANALIZA E MASAVE ALTERNATIVE NË LEGJISLACIONIN PENAL MAQEDONAS DHE PROCEDURA PËR SHQIPTIMIN E TYRE

# АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО И ПОСТАПКАТА ЗА НИВНО ИЗРЕКУВАЊЕ

# ANALYSIS OF ALTERNATIVE MEASURES IN THE MACEDONIAN CRIMINAL LEGISLATION AND THE PROCEDURE FOR THEIR IMPRISONMENT

**Abstract**

Analyzing the history of imprisonment may be noted that the arrest is commonly used as a measure to ensure the presence of the accused before and during the duration of the trial. In contemporary criminal law despite the introduction of other punitive sanctions, however sentence remains the most commonly used. However, frequent application of imprisonment lead to overloading of prison facilities, but also proved sanction society costly and does not give the desired and expected results. It is for this reason we are forced to seek alternatives

[1] Full time professor at Faculty of law and political science, American university of Europe FON. Email: stefan.budzakoski@yahoo.com
[2] Assistant professor at Faculty of law and political science, American university of Europe FON. Email: todorovskan@yahoo.com

to imprisonment. Sanctions and measures that represent alternatives to imprisonment are united under a common name - alternative sanctions. They also represent the concept of sanctions and measures that are under the control of the community, and are based on the assumption that the purpose of punishment can largely be achieved under conditions which are less restrictive than imprisonment.

***Keywords:*** *alternatives to imprisonment, the reform of the system of penal sanctions, reform of the criminal law.*

**Вовед**

Условната осуда, условната осуда со заштитен надзор, условното прекинување на кривичната постапка, општокорисната работа, судската опомена и куќниот затвор претставуваат посебен вид на казнени санкции кои можат да сретнат под името, парапенални санкции[3], мерки за предупредување односно адмонотивни санкции. Оправданоста за воведување на алтернативните мерки лежи во остварување на принципот дека казната, посебно казната лишување од слобода, треба да биде последна мерка, крајно средство, односно не треба да се применуваат построги санкции, сè додека општата цел од примена на казнената санкција може да се постигне со поблаги мерки. Ова посебно се однесува на полесните видови казнени дела, за кои во современото казнено право владее сфаќање дека треба да се избегнуваат краткотрајни казни затвор.

Кривичниот законик определува цел на алтернативните мерки во чл. 48 кој гласи: „Целта на алтернативните мерки е спрема кривично одговорниот сторител да не се примени казна за полесни дела кога тоа не е нужно заради кривично-правна заштита и кога може да се очекува дека целта на казнувањето може да се оствари со предупредување со закана на казна (условна осуда), само предупредување (судска опомена) или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот на слобода“.

[3] Изразот **парапенални санкции** потекнува од зборот „пара“ - грчки предлог што се јавува во многу кованици за да означи спротивставување или поинаков стремеж, промена или преобразување.

## 1. Условната осуда во македонскиот казнен систем

Како што претходно видовме според чл. 48 од Кривичниот законик, **условната осуда се изрекува спрема одговорен сторител** како замена да не се примени казна за полесните видови на казнени дела кога тоа не е нужно заради казнено-правна заштита и кога може да се очекува дека условната осуда (заканување со казна) ќе ја постигне целта на казнувањето, да влијае врз сторителот да не врши повеќе казнени дела. Системот на условната осуда во Кривичниот законик е поинаков од чистиот континентален тип (се изрекува казна, а се одлага нејзиното извршување), казната не се изрекува туку само се утврдува во пресудата, а се изрекува условната осуда. Тоа е регулирано со одредбата **условна осуда** чл. 49 ст. 1 кој гласи: „Со условна осуда на сторителот на кривично дело судот му ја утврдува казната и истовремено определува дека таа нема да се изврши ако осудениот за времето што ќе го определи судот, а кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години (време на проверување) не стори ново кривично дело“.

Од одредбите кои ја регулираат условната осуда се гледа дека таа претставува предупредување со закана од казна која во случаите на нејзино отповикување се остварува со просто претворање на заканата со казна во ефективна казна. Недостатокот кај нашата регулатива на условната осуда се состои во тоа што се задолжува судот непристрасно да ја утврди казната што ја заслужува сторителот за стореното дело со претпоставка дека таа ќе биде отповикана, а сепак да верува дека тоа нема да се случи бидејќи сторителот дава гаранции за тоа. Иако условната осуда е парапенална санкција има ретрибутивен карактер, карактер на зло бидејќи кај сторителот се чувствува непријатност, создавајќи страв од евентуален нов престап, закана за реализација на утврдената казна со изрекување на условната осуда.

Според одредбата условна осуда чл. 49 ст. 3 од Кривичниот законик, кон условната осуда можат да се изречат и мерки за безбедност кои се извршуваат. Во условите за изрекување на условна осуда чл. 50 ст. 4, се предвидува дека условната осуда може да се изрече и во случаите кога е утврдена казна затвор и парична казна ( да се изрече за обете ) или таа да се однесува само на казната затвор.

**Содржината на условната осуда** како алтернативна мерка, според тоа ја сочинуват **следните елементи**: утврдување на казната со судска пресуда; одлагање на нејзиното извршување за определен временски период и поставување услов сторителот за тој период да не стори ново казнено дело и да исполни евентуално други дополнителни услови.

Одредбите на македонскиот систем на условна осуда стигнаа до европската либерална солуција на оваа санкција, таа да се смета како неосудуваност во случаите кога таа нема да биде отповикана во определениот рок определен при нејзиното изрекување. По овој рок (времето на проверка) се брише осудата и не се даваат податоци никому.

**Условите за изрекување на условна осуда** во Кривичниот законик се предвидени во чл. 50 ст. 1, според кој условната осуда може да се изрече кога на сторителот му е утврдена казна затвор во траење до две години или парична казна (**објективни услови**), ст. 2 предвидува дека условната осуда може да се изрече кога е утврдена казна затвор во траење до две години или парична казна со примена на одредбите **ублажување на казна** чл. 40, **граници на ублажување на казна** чл. 41, **и ослободување од казна** чл. 42 ст. 2, предвидува дека при изрекување на условната осуда треба да се води сметка за целта на осудата, наложувајќи му на судот при одлучувањето да гиземе предвид личноста на сторителот, неговиот поранешен живот, неговото однесување по извршување на казненото дело, степенот на казнената одговорност (**субјективни услови**) и други околности под кои е сторено делото.

### *1.1 Отповикување на условната осуда*

Отповикувањето на условната осуда претставува претворање на предупредувањето со закана на казна во ефективна казна или поради неисполнување на условите определени во неа или ако дополнително се утврди дека сторителот не ги исполнувал условите поради кој ја заслужил условната осуда или кога воопшто не ги исполнил законски предвидените услови за нејзино изрекување. **Отповикувањето на условната осуда може да се изврши само во текот на времето за проверување** што значи дека сторителот за тоа време да стори ново казнено дело а тоа со пресудата е утврдено дури по истекот на времето за проверување, условната осуда може да се отповика најдоцна во рок од една година од денот кога

изминало времето за проверување, предвидено во **рокови за отповикување на условната осуда** чл. 54 ст. 1 од Кривичниот законик.

## 2. Условна осуда со заштитен надзор

Условната осуда со заштитен надзор е новина во нашето казнено законодавство, како модификација на условната осуда, со можност за индивидуализација на казнените санкции. Заштитниот надзор како посебна мера на помош, заштита, е предвиден факултативно, а дали судот ќе ја примени во конкретниот случај зависи од сите околности под кои е извршеното казнено дело и околностите на личноста на сторителот.

Нашето казнено законодавство како алтернативна мерка предвидува **условна осуда со заштитен надзор** чл. 55-58, прифаќајќи ја основната идеја на англосаксонскиот (пробационен) **систем на условна осуда со ставање на осудениот под надзор на квалификуван социјален работник**, кој ќе му укаже помош во решавањето на животните ситуации и ќе го контролира неговото поведение, што претставува еден вид третман на слобода. Според одредбите во законот, условната осуда со заштитен надзор **претставува варијанта на условната осуда, а не посебен вид на санкција**, таа може да се отповика без да влијае на условната осуда, може да се менува, моделира и кај неа постојат некои посебни услови за нејзино изрекување и реализација.

Кривичниот законик, ставањето под заштитен надзор на условно осудениот во чл. 55 го предвидува **факултативно**. Според овој член, судот ќе определи заштитен надзор само кога ќе утврди дека условната осуда нема доволно да влијае врз сторителот во иднина да не врши казнени дела, а околностите врзани со неговата личност или средината во која живее го прават оправдано очекувањето дека целта на условната осуда ќе се постигне ако се определат и мерки на помош, грижа, надзор или заштита. Траењето на заштитниот надзор судот го одредува на определено време во текот на времето за проверување.

Факултативното определување на условната осуда со заштитен надзор е заложба на законодавецот овој институт да се шири со развојот на социјалната служба, што е единствен носител на функцијата заштитен надзор предвидено со одредбата **органи за**

**спроведување на заштитен надзор** во чл. 57 ст. 1. Законот ја дефинирал и содржината на заштитниот надзор, преку **посебни обврски кои му се наметнуваат на осудениот,** предвидени во одредбата **обврски кај заштитниот надзор** чл. 56 ст. 1, која предвидува дека може да се одреди една или повеќе од следните обврски: оспособување, остручување или преквалификување на осудениот за да може да го задржи работното место што го зазема или да бидат создадени претпоставки за вработување; прифаќање на вработување што одговара на способностите и склоноста на осудениот; извршување на обврските за издржување на семејството, подигање на децата и други семејни обврски; овозможување увид и совети во врска со распоредувањето и трошењето на средствата од платата и другите приходи што ги остварува; непосетување одредени видови локали или други места каде што се точи алкохолен пијалак или се игра на среќа; забрана за употреба на алкохолни пијалаци, дроги и други психотропни супстанции; користење на слободното време според оцена на социјалниот орган; одбегнување и не дружење со лица кои негативно влијаат врз осудениот и подложување на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи. Во ст. 2 е дадена обврската на судот која ја има во одредување на заштитниот надзор да осознае за: личноста на сторителот, неговата здравствена и психичка состојба, возраста, материјалните и семејните услови, околностите под кои го сторил делото, поведението на сторителот по извршувањето на делото, побудите за извршување на делото и други околности сврзани со личноста на сторителот што се од значење при изборот на видот на обврската, водејќи сметка да не се повредува човечкото достоинство ниту да се предизвикуваат непотребни тешкотии во неговото превоспитување.

Како забелешка на оваа одредба се одредени елементи кои припаѓаат на континенталниот систем на условна осуда, бидејќи **законот поголемо внимание му посветува на обврските на заштитниот надзор отколку на дефинирањето на функцијата на социјалните органи како заштитен надзорник**. Централно место заземаат обврските на осудениот, додека помошта, грижата и други елементи, имаат супсидијарна природа и се ставени во функција на извршување на обврските. Социјалниот орган е сведен на извршител на условната осуда со заштитен надзор, програмирана од страна на судот (се смета за значаен недостаток).

Од друга страна, ако ја земеме превид преокупираноста на нашите судови со голем број нерешени предмети, реално не можат да посветат поголемо внимание на сторителот (според начелото на индивидуализација на казната), одредувањето на заштитен надзорник се смета за оправдано бидејќи секој осуден се смета за одделен случај и се одредува потребата од негова ресоцијализација, според дадените насоки од судот. Воден од овој факт, законодавецот во **обврски кај заштитниот надзор** во чл. 56 ст. 3 предвидел, дека по предлог на социјалниот орган или на осуденото лице, судот може да ја замени одредената обврска или да ја укине.

Контактите на социјалните органи со осудениот треба да се насочат кон обврската дадена од судот со одредбата **орган за спроведување на заштитниот надзор** чл. 57 ст. 1 од Кривичниот законик, помош и грижа, надзор и заштита во исполнување на обврската од страна на осудениот врши социјалниот орган и соодветно советувалиште и во ст. 2 се одредува дека социјалните органи и соодветните советувалишта се должни со практични совети да го поттикнуваат и да му помагаат на осудениот да ја исполни обврската што ја одредил судот, да го сфати значењето на условната осуда со заштитен надзор за да се исполнат нејзините цели и повремено да го известува судот за состојбата во исполнувањето на одредената обврска.

Одредбата **последици од неисполнување на одредената обврска** чл. 58 од Кривичниот законик, предвидува во ст. 1 ако условно осудениот не ја исполнува одредената обврска, судот може да го опомене на исполнувањето на одредената обврска или неа да ја замени со друга; ст. 2 ако условно осудениот не ги исполнува одредените обврски, судот може во рамките на времето за проверување да го продолжи траењето на заштитниот надзор или да ја отповика условната осуда; ст. 3 ако по правосилноста на одлуката со која е одреден заштитниот надзор помине повеќе од шест месеци, а надзорот не почнал, судот повторно ќе одлучи за потребите од негово извршување.

### 3. Условно прекинување на казнената постапка

Условно прекинување на казнената постапка за полесни казнени дела по распитот на обвинетиот, а **во согласност на оштетениот, подразбира давање рок на проверување да не стори ново**

**казнено дело**. Во чл. 58-а ст. 1 се предвидува: „За кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до една година судот може да одлучи, по распитот на обвинетиот и сослушувањето, и согласноста на оштетениот, да ја прекине постапката, под услов сторителот во рокот во кој трае прекинувањето на постапката да не стори ново кривично дело”; ст. 2 „водењето на постапката може со судската одлука да биде прекината најмногу во рок од една година. Рокот за кој е прекинато водењето на постапката не се засметува во рокот на застареност на кривичното гонење“; ст. 3 „ако сторителот во рокот на проверувањето не стори ново кривично дело или ако во тој рок не се открие некое порано сторено кривично дело, се запира постапката“ и ст. 4 „при одлучувањето за примена на оваа мерка судот ќе го земе предвид особено изразеното каење на сторителот и извинувањето на оштетениот, отстранувањето на последиците на делото и надоместувањето на штетата предизвикана со кривичното дело“. [4]

## 4. Општокорисна работа

Алтернативната мерка општокорисна работа е позната и како работа од јавен интерес, работа во корист на заедницата или општествено корисна работа (community service), таа е посебна парапенална мерка прифатена од голем број казнени законодавства.

Општокорисна работа се определува на сторител кој сторил дело под олеснителни околности, а порано не бил осудуван.

Во Кривичниот законик, општокорисна **работа** и **услови за изрекување мерка општокорисна работа** се превидува во чл. 58-б каде во ст.1 се вели: „За кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор до три година, судот може, со согласност на сторителот, да му изрече мерка општокорисна работа на

[4] Во чл 63 од Законот за правда на децата е предвидено „ Судот може да одлучи условно да ја прекине постапката спрема дете над 16 годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до пет години, ако детето изразило каење за извршеното дело, ако ги отстранило последиците на делото, ако ја надоместило штетата или се помирило со оштетениот, кој е согласен со прекинувањето на постапката, под услов во рок од две години детето да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело“.

слобода, ако делото е сторено под олеснителни околности, а сторителот порано не бил осудуван“, ст. 2 „мерката се изрекува во траење од 40 до 240 часови, што осудениот е обврзан да ги одработи без надоместок во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или хуманитарна организација, за време на државни празници, саботни и неделни денови, и не пократко од пет часа неделно, во период најмногу до дванаесет месеци. Кога постојат здравствени или оправдани лични и семејни причини судот може да го продолжи извршувањето на мерката најмногу уште шест месеци“, ст. 3 „кога судот ќе изрече парична казна до деведесет дневни глоби или илјада и осумстотини евра во денарска противвредност или казна затвор до три месеци, може истовремено да одлучи, по барање на осудениот, за замена на казната со општокорисна работа, при што еден ден затвор, дневна глоба или дваесет евра во денарска противвредност се заменуваат со три часа општокорисна работа со тоа што вкупниот збир на часови не може да надмине 240 часа. При одлучувањето за замена на казната со мерката општокорисна работа судот ќе ја земе предвид тежината на делото, степенот на кривичната одговорност, поранешната неосудуваност на сторителот и извршеното надоместување на штетата или отстранување на другите штетни последици на делото“, ст. 4 „надзор над исполнувањето на обврските на осудениот врши судот во постапка утврдена со закон“, ст. 5 „ако осудениот не ги исполнува или неуредно ги исполнува овие работни обврски, судот писмено го опоменува, а ако тој продолжи со такво однесување судот може да одлучи да го зголеми бројот на часовите или да го продолжи извршувањето на мерката за најмногу три месеци, ако за тоа постојат оправдани причини или да го замени неизвршениот дел од мерката со парична казна или казна затвор, така што за секои три часа општокорисна работа се засметува една дневна глоба или еден ден затвор. При одлучувањето за замената со парична казна или казна затвор судот ќе се раководи од тежината на делото, степенот на кривичната одговорност и односот на осудениот кон изречената мерка на општокорисна работа“ и ст. 6 „ако осудениот не ја извршува општокорисната работа, изречена како замена за паричната казна или казната затвор (став 3), судот донесува одлука за извршување на изречената казна.

Во чл. 64 во Законот за правда на децата е предвидено: ст. 1 „Судот може на кривично одговорно дете над 16 годишна возраст

кој сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години да му изрече мерка на општокорисна работа во траење од пет до 100 часа кога е потребно со оваа мерка да се изврши воспитно влијание врз личноста и поведението на детето". Надзор над исполнувањето на работните обврски на детето врши центарот кој е должен повремено, а најмалку еднаш месечно, да го известува судот за извршувањето на мерката. Ако детето не ги исполнува или неуредно ги исполнува наложените работни обврски, судот ќе ја замени оваа мерка со мерката упатување во центар за деца или со мерка на засилен надзор, под условите предвидени за нивното изрекување, земајќи го предвид делот од обврските што е веќе исполнет.

### 5. Судска опомена

Судската опомена како вид на специфична алтернативна мерка на предупредување се одредува на одговорен полнолетен сторител за полесен вид казнено дело. Таа е опомена од општеството упатена кон сторителот на казненото дело, заради извршеното дело, истовремено е и предупредување во иднина да не врши казнени дела, бидејќи ќе биде потешко казнет. Укорот и опомената се упатуваат до сторителот по пат на судска опомена која произлегува од оценката на социјално-етичкиот карактер во укажувањето на сторителот на штетноста, недозволеноста и противправноста на противправното однесување и предупредување дека ќе биде казнет ако продолжи во иднина да врши казнени дела. Судска опомена се изрекува на сторител (кој нема криминогена склоност) на лесно казнено дело, дело од мало значење, но сепак на дела кои немаат карактер на незначителна општествена опасност. Оваа мерка не може да се изрече на малолетниот сторител на казненото дело.[5]

Сторителот на казнено дело на кого му се изрекува судска опомена се смета за осудено лице, се внесува во казнената евиденција, при извршување на ново казнено дело (додека се избрише по протокот на една година од денот на правосилноста на судската одлука) тоа се смета за поврат.

Судската опомена заедно со условната осуда според Кривичниот законик претставуваат казнени санкции кои беа единствени

[5] Повеќе за судска опомена види: Bulatovic Zarko,1, стр. 56

парапенални санкции до последните измени. Разликата меѓу овие санкции и казната се состои во тоа што тие се замена за краткотрајните казни затвор, а имаат воспитен карактер според кој се приближуваат до воспитните мерки.

Според Кривичниот законик, за да се изрече судска опомена треба да се исполнети условите од одредбата **услови за изрекување судска опомена** чл. 59 ст. 1 и тоа: да се работи за казнено дело за кое е пропишана казна затвор до една година или парична казна и казненото дело да е сторено под такви олеснувачки околности кои го прават особено лесно. Ова не се однесува на **дела од мало значење** чл. 8 од Кривичниот законик, туку на дела кои се јавуваат во лесен вид, а за нив е пропишана казна затвор до една година или парична казна, а се сторени под такви услови што ги прават особено лесни. Во ст. 2 е предвидено дека судската опомена може да се изрече и за определени казнени дела и под услови предвидени со закон и кога е пропишан затвор до три години (пример казнено дело телесна повреда чл.130 ст. 3). Според ст. 3, судот може да изрече судска опомена и за повеќе казнени дела сторени во стек, ако за тоа постојат услови предвидени во ст. 1 и 2 на чл. 59. Во ст. 4 е предвидено дека при одлучувањето дали ќе примени судска опомена, судот водејќи сметка за целта на судската опомена, посебно ќе ги земе предвид личноста на сторителот, неговиот поранешен живот, неговото однесување по извршувањето на делото, степенот на казнена одговорност и другите околности под кои е сторено делото.[6]

### 6. Куќен затвор

Со одредбата **куќен затвор** во чл. 59-а од Кривичниот законик, се одредени **услови за изрекување на куќен затвор** каде во ст. 1 се предвидува: „ако сторителот на кривичното дело за кое е пропишана парична казна до една година е стар и изнемоштен, тешко болен или е бремена жена, судот може да му изрече казна затвор и истовремено да одлучи, со негова согласност, казната да ја издржува во куќен затвор“; ст. 2 „судот може да ја замени казната затвор со куќен затвор ако постојат услови со современи електронски и телекомуникациски средства да се контролира извршувањето на куќниот затвор што се состои во забрана за напуштање на

[6] Bulatovic Zarko,1, стр. 58

домот од страна на осудениот"; ст. 3 „надзор над извршувањето на куќниот затвор врши судот, кој може да довери преземање на определени мерки на надзор полицијата во местото во кое се наоѓа домот на осудениот со обврска за редовно известување за нивното вршење" и ст. 4 „ако осудениот ја прекрши забраната за напуштање на домот, судот може да одреди заменетата казна затвор да се изврши во целост во установа за извршување на казната затвор".

### 7. Постапка за изрекување алтернативни мерки

**Изрекување судска опомена.** Судска опомена се изрекува со решение. Доколку во оваа глава не е предвидено нешто друго, одредбите од ЗКП што се однесуваат на **пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен** согласно **се применуваат и врз решението за судска опомена**. Решението за судска опомена се објавува веднаш по завршувањето на главната расправа со суштествените причини. Во тој случај претседателот на советот ќе го предупреди обвинетиот дека за кривичното дело што го сторил **не му се изрекува казна**, зашто **се очекува дека и судската опомена врз него доволно ќе влијае повеќе да не врши кривични дела**. Ако решението за судска опомена се објавува во отсуство на обвинетиот, судот ваквото предупредување ќе го внесе во образложението на решението. За одрекување од правото на жалба или за писмената изработка на решението согласно се применува одредбите ЗКП. Во изреката на решението за судска опомена, **покрај личните податоци за обвинетиот**, ќе се наведе само дека на обвинетиот **му се изрекува судска опомена за делото што е предмет на обвинението и законскиот назив на кривичното дело**. Изреката на решението за судска опомена ги опфаќа и потребните податоци за **осудителна пресуда** и одлука за мерките на безбедност, конфискацијата на имот и имотната корист и одземање предмети и одлука за трошоците на кривичната постапка, за имотноправното барање, како и за тоа дека правосилната пресуда треба да се објави преку печатот, радиото или телевизијата. Во образложението на решението **судот ќе изнесе од кои причини се раководел при изрекувањето на судска опомена**.

**Побивање на решението за судска опомена.** Решението за судска опомена може да се побива поради суштествена повреда на

одредбите на кривичната постапка, поради погрешно утврдена фактичка состојба, поради повреда на Кривичниот законик, како и поради тоа што не постоеле околности што го оправдуваат изрекувањето на судската опомена. Ако решението за судска опомена содржи одлука за мерки на безбедност, конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети, за трошоци на кривичната постапка или за имотно-правното барање, оваа одлука може да се побива од причина што судот правилно не ја применил мерката на безбедност или за одземање на имотната корист, односно што одлуката за трошоците на кривичната постапка или на имотно-правното барање ја донел спротивно на законските одредби.

**Повреда на Кривичниот законик при изрекување судска опомена.** Повреда на Кривичниот законик во случај на изрекување судска опомена постои (освен по прашањата кога делото за кое се гони обвинетиот не е кривично дело, има околности што ја исклучуваат кривичната одговорност, има околности што го исклучуваат кривичното гонење, а особено ако настапила застареност на кривичното гонење или гонењето е исклучено поради амнестија или помилување или работата е веќе правосилно пресудена, во однос на кривичното дело што е предмет на обвинението е применет закон што не може да се примени, со одлуката за казната, за условната осуда или за судската опомена, односно со одлуката за мерката на безбедност, или за одземање на имотната корист е пречекорено овластувањето што го има судот според законот и се повредени одредбите за засметување на притворот, како и на секое лишување од слобода во врска со кривичното дело и на издржаната казна) и кога со одлуката за судска опомена, за мерка на безбедност или за конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети е пречекорено овластувањето што судот го има според законот.[7]

**Жалба против решението за судска опомена.** Ако жалбата против решението за судска опомена ја изјавил тужителот на штета на обвинетиот, **второстепениот суд може да донесе пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен и се осудува на казна или со која се изрекува условна осуда**, ако најде дека првостепениот суд правилно ги утврдил решавачките факти, но дека по правилната примена на законот доаѓа предвид изрекување на казна.

[7] Види повеќе: Шкулиќ, Бугарски, Кривично процесно право, 2015, стр. 582

По повод чија и да било жалба против решението за судска опомена второстепениот суд може да донесе пресуда со која обвинението **се одбива** или **обвинетиот се ослободува од обвинението**, ако најде дека првостепениот суд правилно ги утврдил решавачките факти и дека по правилната примена на законот доаѓа предвид изрекување на една од овие пресуди. Кога постојат услови за **одбивање на жалбата како неоснована**, второстепениот суд ќе донесе решение со кое се одбива жалбата како неоснована и се потврдува решението на првостепениот суд за судска опомена.

**Изрекување алтернативни мерки.** За кривични дела за кои може да се изречат алтернативни мерки: **општокорисна работа, условно прекинување на водење на кривичната постапка и куќен затвор**, по предлог на јавниот обвинител ако се исполнети условите во Кривичниот законик за примената на овие кривични санкции, **судот може да ги изрече без одржување на главна расправа**. Предлог за изрекување на алтернативни мерки **може да поднесе и приватниот тужител**. Пред изрекување на пресудата, судијата поединец **ги повикува странките**. Ако обвинетиот пред судот се противи на донесување на пресудата за изрекување алтернативни мерки, **судот ќе отвори главна расправа и постапката ќе продолжи според одредбите за главната расправа**. Кога обвинетиот е согласен со предлогот, судот ќе донесе пресуда со која ќе ја изрече предложената алтернативна мерка. Во **пресудата со која се изрекува општокорисна работа** како примарна кривична санкција, судот ќе определи:

– за кое дело се огласува за виновен, со назначување на фактите и околностите што претставуваат обележје на кривично дело, како и на оние од кои зависи примената на определена одредба од Кривичниот законик;

– законски назив на кривичното дело и кои одредби од Кривичниот законик се применети;

– вкупен број часови општокорисна работа;

– вкупен број часови што мора да се извршат во текот на една недела;

– место на извршување на општокорисната работа;

– последиците во случај на непридржување кон мерката и начинот на замена на општокорисната работа со казна затвор.

Ако со пресудата судот изрекол парична казна до 90 дневни глоби или казна затвор во траење до три месеци а обвинетиот упатил барање за замена со алтернативната мерка општокорисна работа од членот 58-а став (3) на Кривичниот законик, судот донесува решение за начинот на **замена на паричната казна, односно казната затвор со општокорисна работа**. Покрај алтернативните мерки во пресудата, судот **може да одреди мерка на конфискација на имотот и имотната корист и одземање на предмети** кога се исполнети законските услови за изрекување на тие мерки и да одлучи по имотно-правните побарувања на оштетениот. Ако е донесена пресудата се смета дека странките се откажале од право на жалба.

**Решение за прекинување на постапката.** Кога се исполнети законските услови за **условно прекинување на водење на кривичната постапка** (член 58-а од Кривичниот законик), судот по предлог на овластениот тужител ќе донесе решение за прекинување на постапката во која ќе го определи рокот на прекинувањето на постапката и **обврската на сторителот во тој рок да не стори ново кривично дело и да ги исполни другите предвидени обврски**. По истек на рокот за прекинување, судот донесува **решение за запирање на постапката доколку сторителот се придржувал кон условите и обврските определени со решението за прекинување на постапката**. Против ова решение странките имаат право на жалба во рок од осум дена.

**Conclusion**

Elements that determine the purpose of the alternative measures, which are at the same time conditions are : Alternative measures may be imposed only for acts that are less dangerous social acts; the interest of criminal justice is not to seek admission to punishment, but to work for cases where the protected facility is not largely endangered, ie more valuable, then ¬ for his protection is not a necessary measure of punishment. It is an imprecise element and needs to be associated with the previous element. With the introduction of a criminal policy in one country we should  expect that the alternative measure will affect us not to commit in the future Criminal offenses. This is determined according to the previous behavior of the perpetrator and his other qualities.

**Рецензенти:**
**Проф. д-р Африм Османи**
**Проф. д-р Татијана Ашталкоска Балоска**

**Користена литература**

–Буџакоски С.Казнено право – општ дел, Коста Абраш, Охрид, 2014

–Буџакоски С.Казнено право – посебен дел, ФОН, Скопје, 2005

–Bulatovic Z.Sudska opomena, Privredna štampa, Beograd, 1981

–Тодоровска Н. Казнено процесно право, 2020, Институт за правна едукација Прогресио Скопје

–Камбовски В. Казнено право, општ дел, 2-ри Август-Штип, Скопје, 2006.

–Камбовски В. Коментар на кривичниот законик на Република Македонија, Матица, 2011

–Шкулиќ , Бугарски, Кривично процесно право, 2015

–Кривичен Законик. Службен Весник на Република Македонија, 37/96, 80/99, 4/02, 43/03 и 19/04 пречистен текст, 19/04, 81/05, 60/06, 76/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, април, 2013.

–Закон за кривична постапка. Службен весник на Република Македонија,15/97, 44/02, 74/04, 15/05 пречистен текст, 83/08, 67/09, 150/10, 51/11,100/12.